МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 6 став (2), член 8 ставови (11) и (12), член 15 став (2), член 16 став (3), член 17 став (3), член 18 став (5), член 27 став (13) и член 29 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ТРГОВИЈА СО МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ - РАСАД ОД ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА(*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на уредување

Со овој правилник се пропишуваат:

- видовите и количините на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија на производителите на мали количини наменети за лична употреба;
- начинот на пакувањето и етикетирањето, формата и содржината на етикетата, начинот и постапката за официјална сертификација на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија, како и условите во поглед на сортната чистота и квалитетот на расад од одделни видови градинарски растенија;
- видовите на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија, како и поблиските услови за ставање во трговија;
- поблиските услови на снабдувачот за производство и подготовка за трговија на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија;
- формата и содржината и начинот за водење на евиденцијата на производството на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија и поблиските услови за вршење на подготовката за трговија;
- начинот и постапката за вршење на стручна контрола, како и условите за производство што треба да ги исполнува материјал за размножување и садниот материјал - расад од градинарски растенија;
- начинот и постапката за производство на официјално сертифициран материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија, како и роковите, формата и содржината на пријавата;
- одделните видови на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија и поблиските услови за нивен увоз; и
- количествата на материјал за размножување и саден материја - расад од видови градинарски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба.

### Член 2

### Значење на поимите

Поимите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Градинарски растенија се земјоделски растенија наменети за производство на зеленчук;
2. Материјал за размножување е семе, делови од растенија и цели растенија наменети за размножување и производство на саден материјал - расад од градинарски растенија;
3. Саден материјал - расад се цели растенија добиени со генеративно или вегетативно размножување, наменети за производство на градинарски растенија;
4. Сорта е група на растенија во рамките на најниска ботаничка класификација, која се: определува со изразени карактеристики кои произлегуваат од одреден генотип или од комбинација од генотипови, се разликува од кој било друга група на растенија, барем по една од изразените

карактеристики и се третира како целина доколку тие карактеристики во размножувањето се постојани;
5. Снабдувач на расад е секое домашно или странско, правно или физичко лице кое врши една или повеќе дејности поврзани со производство, пакување, етикетирање, трговија и увоз или извоз на расад од градинарски растенија;
6. Трговија е понуда за продажба или продажба и дистрибуција на расад од градинарски растенија на трето лице, односно секоја дистрибуција на расад од градинарски растенија наменети за трговија;
7. Надлежен орган за сертификација е Управата за семе и саден материјал (во понатамошниот текст: Управата) во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
8. Официјален орган за сертифицирање е Државната фитосанитарна лабораторија и овластени правни лице за вршење на стручна контрола над производството на семенски посеви и насади на саден материјал; и
9. Партија е број и количество на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија од ист вид и сорта, препознатливи по својата хомогеност по составот и потеклото.

**Член 3**

**Видови на материјал за размножување и саден метеријал - расад од градинарски растенија**

Видовите на материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија (во понатамошниот текст: материјал за размножување и расад) кои се наменети за трговија се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

**Материјал за размножување и расад од градинарски растенија наменет за лична употреба**

Материјалот за размножување и расадот наменет за лична употреба се растенија од Прилог 1 на овој правилник кои се произведуваат на парцела до 50 м2 во заштитен простор или 100 м2 на отворено.

II. УСЛОВИ ЗА СТАВАЊЕ ВО ТРГОВИЈА НА МАТЕРИЈАЛОТ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И РАСАД

**Член 5**

**Општи услови за ставање во трговија**

(1) Снабдувачот на материјал за размножување и расад (во понатамошниот текст: снабдувач) може да врши трговија со материјал за размножување и расад доколку ги исполнува условите за ставање во трговија согласно овој правилник.
(2) Со материјалот за размножување и расадот кој содржи генетски модифициран организам, се тргува доколку е во согласност со Законот за генетски модифицирани организми 2 .
(3) Материјалот за размножување и расадот може да се стави во трговија од сите видови на градинарски растенија само доколку е сертифициран, соодветно спакуван, етикетиран и ги исполнува условите согласно членовите 24 и 40 од Законот за здравјето на растенијата 3 .

**Член 6**

**Посебни услови за ставање во трговија во поглед на сортната чистота и квалитет на материјалот за размножување и расад**

(1) Материјалот за размножување и расадот може да се стави во трговија доколку ги исполнува следните условите во поглед на идентитет на видот и сортна чистота:
- семенскиот материјал кој се користи за добивање на материјалот за размножување и расад треба да има соодветна аналитична чистота, „ртливост и влага соодветна на видот на кој му припаѓа и да биде сортно чист и

- да има задоволителна автентичност на сорта и подлога, како и соодветна вегетативна развиеност.
(2) Со материјалот за размножување и расад од сите видови може да се тргува доколку сортата е запишана во националната сортна листа или во Европскиот заеднички каталог на сорти од градинарски растителни видови.
(3) Материјалот за размножување и расадот може да се стави во трговија доколку ги исполнува следните услови за квалитет и тоа да:
- има сертификат за конечно сертифициран материјал за рамножување и расад со наведено името на сортата, а кога материјалот за размножување е подлога во сертификатот треба да биде наведен и видот или хибридот;
- има задоволителна вегетативна развиеност без знаци на оштетување кои би можеле да влијаат на квалитетот и да ја намалиле неговата употребна вредност;
- е ослободен од штетни организми (врз основа на визуелен преглед), кои би можеле да влијаат на неговиот квалитет односно без знаци и симптоми на присуство на штетни организми кои ја намалуваат неговата употребна вредност и
- е доволно витален со димензии за да може да се употреби како материјал за размножување или како расад, односно треба да има соодветен однос помеѓу корените, стеблата и листовите.
(4) Луковици и кртоли наменети како материјал за размножување и расад, треба да бидат произведени директно од материјал, кој за време на развојот бил прегледан и било утврдено дека е без штетни организми.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И РАСАД

### Член 7

### Пријавување на производството на материјал за размножување и расад

(1) Снабдувачот треба да го пријави производството на материјалот за размножување и расадот за официјално сертифицирање најдоцна 15 дена по отпочнувањето на производството до Управата и официјалниот орган за сертифицирање со пријава на образец во формат А4, даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.
(2) Снабдувачот кон пријавата од став (1) од овој член, треба да приложи копии од документи, со кои се докажува потеклото на употребениот семенски материјал и материјал за размножување.
(3) Доколку снабдувачот употреби семенски материјал и материјал за размножување кое сам го произвел, треба да достави копија од официјалниот сертификат.

### Член 8

### Начин на водење на евиденција на производството

(1) Снабдувачот ги следи и евидентира следните критични точки во процесот на производство, кои директно влијаат врз квалитетот на материјалот за размножување и расад и тоа:
- планот и начинот на производство;
- квалитетот на употребениот семенски материјал и материјал за размножување што се користи во производството;
- начинот на сеење на семето, односно садење и пресадување на материјалот за размножување;
- технологијата на одгледување на расадот во расадникот;
- начиниот и постапките за размножување на материјалот;
- хемиските средства со кои се третира материјалот за размножување и расадот;
- усогласеноста со барањата утврдени во прописите со кои се уредува здравствената заштита на растенијата;
- хигиената;
- видот на амбалажата;
- начинот на пакување и етикетирање и
- складирањето, чувањето и транспортот.
(2) Снабдувачот кој произведува материјал за размножување и расад треба да води евиденција за официјално сертифицираните градинарски растенија со податоци за: снабдувачот (адреса, регистарски број и датум на упис во регистарот); локацијата; здравствениот статус; видот на

материјал за размножување и расад; потеклото на употребениот материјал за добивање на материјал за размножување и расад; годината на производство, растојанието на садење; видот, сортата, подлогата, бројот на растенијата; бројот и датумот на сертификатот за конечно сертифицирани материјал за размножување и расад.
(3) Снабдувачот води евиденција за набавениот материјал за размножување и расад од домашно потекло и од увоз на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.
(4) Снабдувачот води евиденција за употребениот материјал за размножување и расад на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.
(5) Снабдувачот води евиденција за произведениот материјал за размножување и расад на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 5, кој е составен дел на овој правилник.
(6) Снабдувачот води евиденција за продадениот материјал за размножување и расад на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 6, кој е составен дел на овој правилник.
(7) Снабдувачот води евиденција за извезениот материјал за размножување и расад на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 7, кој е составен дел на овој правилник.
(8) Снабдувачот треба постојано да ги следи и да врши преглед на критичните точки при производството во однос на здравствената состојба на материјал за размножување и расад.
(9) За подобра евиденција на материјалот за размножување и расадот, треба истиот да биде одвоен по партии на производство за време на растењето, вкоренувањето и при нивното одвојување да се чуваат во одделни количини.
(10) По исклучок од став (9) од овој член, снабдувачот за време на пакувањето, складирањето, транспортирањето или доставувањето, материјалот за размножување и расад може да го спои во една партија, иако е произведен на различни производни површини, но за тоа е потребно да води евиденција со податоци за составот на споената партија и за производните површини од кои е составена партијата.

## IV. ПАКУВАЊЕ И ЕТИКЕТИРАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И РАСАД

### Член 9

### Начин на пакување и етикетирање

(1) Материјалот за размножување и расад може да се стави во трговија во хомогени партии, спакуван и означен со етикета на пакувањето, која треба да ги сод ржи податоците од член 10 став (3) на овој правилник.
(2) Во текот на производството и трговијата, снабдувачот треба да го пакува материјалот за размножување и расадот одделно или во збирни количини зависно од видот (снопови и табли) од иста партија.
(3) Материјалот за размножување и расадот се пакува во контејнери и/или саксии. Луковиците и кртолите се пакуваат во кеси, кутии и вреќи.
(4) Снабдувачот може во текот на пакување, чување, транспорт или испорака да го здружи материјалот за размножување и расад од различни партии, под услов да води евиденција за составот и потеклото на поединечните партии во збирното количество.
(5) За пакување на материјалот за размножување и расадот се употребува амбалажа од материјали кои најсоодветно можат да го заштитат растителниот материјал од оштетување при транспорт, манипулација и складирање.
(6) Пакувањето на материјалот за размножување и расадот не треба да се отвори без да има остатоци од оштетување на пакувањето или на етикетите.
(7) Материјалот за размножување и расадот се етикетираат на збирните пакувања, додека расад по потреба може да се етикетира поединечно.

### Член 10

### Форма и содржина на етикета

(1) Етикетата од член 9 став (1) на овој правилник, треба да е направена од претходно неупотребуван материјал и отпорен на влага. Содржината на етикетата треба да биде испечатена со небришлива и фотостабилна боја на македонски јазик.

(2) Бојата на етикетата е сива со димензија од најмалку 110 mm x 70 mm.
(3) Етикетата треба да ги содржи следните податоци:
- ознака за “ЕУ квалитет“;
- држава на производство;
- надлежен орган за сертификација;
- регистерски број на снабдувачот;
- име и презиме, адреса и седиште на снабдувачот;
- датум на издавање на сертификатот на снабдувачот;
- сериски број на етикетата;
- број на партијата;
- ботаничко име на видот;
- име на сортата, а во случај на подлога име на подлогата или нејзина ознака;
- количина и
- вид на материјалот за размножување и расад.

## V. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА КОНТРОЛА И ОФИЦИЈАЛНА СЕРТИФИКАЦИЈА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА МАТЕРИЈАЛОТ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И РАСАД

### Член 11

### Стручна контрола над производството и официјална сертификација на материјал за размножување и расад

(1) Стручна контрола над производството на материјалот за размножување и расад, се врши врз основа на пријава поднесена од снабдувачот согласно член 7 став (1) на овој правилник.
(2) Официјалниот орган за сертифицирање врши најмалку две стручни контроли на производството во соодветен термин во текот на вегетацијата, со кој утврдува дали снабдувачот ги применува одредбите од овој правилник.
(3) Со стручните контроли од став (2) на овој член се утврдува автентичност, сортна чистота и квалитетот на материјалот за размножување и расад, агротехнички мерки и мерки во текот на развојот, како и состојбата и општиот изглед на материјалот за размножување и расад врз основа на документацијата на снабдувачот за неговото потекло.
(4) Материјалот за размножување и расадот во текот на производството треба да ги исполни следните услови:
- да биде со соодветно развиен коренов систем типичен за одредената фаза на пораст;
- стеблото треба да биде еластично;
- бројот, формата и бојата на листовите да биде соодветена за фазата на развој зависно од видот и сортата;
- да бидат еднакви по големина, боја и форма, да не се полегнати и да нема присуство на плевел;
- да не бидат извишени како резултат на прегуста сеидба или недостаток од светлина; и
- да не бидат механичко оштетување од неповолни временски услови.
(5) Стручните контроли се вршат во присуство на одговорно стручно лице на снабдувачот со цел да се провери количината на произведен материјалот за размножување и расад по вид, сорта и партија, како и сите критични точки при производство на материјалот за размножување и расадот.
(6) За секоја стручна контрола, официјалниот орган за сертифицирање составува записник за извршена стручна контрола на производство на материјал за размножување и расад на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 8 кој е составен дел на овој правилник. Записникот се изготвува во два примерока, од кои едниот се доставува до снабдувачот.
(7) Врз основа на записникот од став (6) на овој член, официјалниот орган за сертифицирање издава сертификат за извршена стручна контрола на производството на материјал за размножување и расад на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 9 кој е составен дел на овој правилник.
(8) По издавањето на сертификатот за извршената стручна контрола од став (7) на овој член и документот за здравствената состојба на материјалот за размножување и расад согласно Законот за здравјето на растенијата, снабдувачот поднесува барање за издавање на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и расад до Управата.

(9) Официјална сертификација на материјалот за размножување и расадот врши Управата со издавање на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и расад на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 10, кој е составен дел на овој правилник.

## VI. УСЛОВИ ЗА УВОЗ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И РАСАД

### Член 12

### Услови за увоз на видови на материјал за размножување и расад

Покрај исполнувањето на условите од член 26 и член 27 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, снабдувачот треба да води евиденција за увезените количества на материјал за размножување и расад согласно член 8 став (3) на овој правилник.

### Член 13

### Увоз на материјал за размножување и расад во оригинално пакување за лична употреба

Материјал за размножување и расад во оригинално пакување за лична употреба може да се увезува согласно член 29 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и тоа најмногу во количество до 30 броја од одделни видови но не повеќе од 150 броја и 100 парчиња луковици или кртоли, заедно од сите видови.

### Член 14

### Престанок на важење

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за трговија со саден материјал - расад од градинарски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2008)

### Член 15

### Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.18-19/4 | Министер за земјоделство, |
| 25 март 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |